# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 9
29 јули 2025 година

Година LXII


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 527. | Решение за објавување на Одлука за формирање и верификација на мандати на членови на локален младински совет на Општина Штип. | 686 |
| 528. | Одлука за формирање и верификација на мандати на членови на локален младински совет на Општина Штип. | 686 |
| 529. | Решение за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка Општина Штип и Општина Свети Николе. | 687 |
| 530. | Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка Општина Штип и Општина Свети Николе. | 688 |
| 531. | Решение за објавување на Одлука за формирање на заедничка комисија за МОС помеѓу Општина Штип и | 689 |

Општина Свети Николе.

532. Одлука за формирање на заедничка комисија за МОС помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе. 689

533. Решение за објавување на Решение за именување на членови на заедничка комисија на МОС помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе. 690

534. Решение за именување на членови на заедничка комисија на МОС помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе. 691

535. Решение за објавување на Одлука за одобрување на употребата на зборот „Штип“ во името на здружение на граѓани Спортски клуб-СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА ШТИП. 692

536. Одлука за одобрување на употребата на зборот „Штип“ во името на здружение на граѓани Спортски клуб-СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА ШТИП. 692

537. Решение за објавување на Одлука за трансфер на средства за реализација на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close - to - nature туризам во источниот плански регион и регионот Благоевград“ (Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027). 693

538. Одлука за трансфер на средства за реализација на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close - to - nature туризам во источниот плански регион и регионот Благоевград“ (Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027). 694

539. Решение за објавување на Одлука за финансиско учество (кофинансирање) на Општина Штип во програмата за територијална соработка URBACT IV 2021-2027 URBACT PIONEERS ACCELERATOR. 695

540. Одлука за финансиско учество (кофинансирање) на Општина Штип во програмата за територијална соработка URBACT IV 2021-2027 URBACT PIONEERS ACCELERATOR. 695

541. Решение за објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Штип во проект Изградба на дел од улица Гоце Делчев (1-ва фаза од крстосница за влез во универзитет Гоце Делчев до кружен ток). 696

542. Одлука за кофинансирање на Општина Штип во проект Изградба на дел од улица Гоце Делчев (1-ва фаза од 697

| | | |
|---|---|---|
| | крстосница за влез во универзитет Гоце Делчев до кружен ток). | |
| 543. | Решение за објавување на Одлука за финансиско учество на Општина Штип за проект ,,Унапредување во заштита на животната средина преку опремување со возило за собирање на смет и за одржување на јавната хигиена во регионот”. | 698 |
| 544. | Одлука за финансиско учество на Општина Штип за проект ,,Унапредување во заштита на животната средина преку опремување со возило за собирање на смет и за одржување на јавната хигиена во регионот”. | 698 |
| 545. | Решение за објавување на Одлука за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување некои видови урбана опрема на територијата на општина Штип опрема за рекламирање - светлечки рекламни табли. | 699 |
| 546. | Одлука за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување некои видови урбана опрема на територијата на општина Штип опрема за рекламирање - светлечки рекламни табли. | 700 |
| 547. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 701 |
| 548. | Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 701 |
| 549. | Решение за објавување на Одлука за вршење на видео надзор на територија на Општина Штип. | 702 |
| 550. | Одлука за вршење на видео надзор на територија на Општина Штип. | 702 |
| 551. | Решение за објавување на Правилник за начинот на вршење на видео надзор на територија на Општина Штип. | 709 |
| 552. | Правилник за начинот на вршење на видео надзор на територија на Општина Штип. | 709 |
| 553. | Решение за објавување на Одлука за утврување на нацрт план за дел од градска четврт С 3.06 КО Штип 5. | 721 |
| 554. | Одлука за утврување на нацрт план за дел од градска четврт С 3.06 КО Штип 5. | 722 |
| 555. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за гп 1.51 и гп 1.52 со намена а1 - домување во куќи од измена и дополнување на ДУП дел од Центар дел од УБ.1, Општина Штип. | 723 |

| | | |
|---|---|---|
| 556. | Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за гп 1.51 и гп 1.52 со намена а1 - домување во куќи од измена и дополнување на ДУП дел од Центар дел од УБ.1, Општина Штип. | 723 |
| 557. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација согласно Член 63 од Законот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) за ГП.101 и ГП.102 формирани со ДУП на дел од центар УМ 1 и 2, КО Штип 3, Општина Штип. | 724 |
| 558. | Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација согласно Член 63 од Законот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) за ГП.101 и ГП.102 формирани со ДУП на дел од центар УМ 1 и 2, КО Штип 3, Општина Штип. | 725 |
| 559. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 9 и ГП 10, со намена А1 домување во куќи од ДУП за дел од У.Е 6, дел нас. Горно маало , Општина Штип. | 725 |
| 560. | Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 9 и ГП 10, со намена А1 домување во куќи од ДУП за дел од У.Е 6, дел нас. Горно маало , Општина Штип. | 726 |
| 561. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 331 и ГП 340 од ДУП за радански пат, Општина Штип. | 727 |
| 562. | Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 331 и ГП 340 од ДУП за радански пат, Општина Штип. Решение за објавување на | 727 |
| 563. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 728 |
| 564. | Програма за дополнување на Програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 729 |

| | | |
|---|---|---|
| 565. | Решение за објавување на Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Штип, жители на Општина Штип. | 729 |
| 566. | Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Штип, жители на Општина Штип. | 730 |
| 567. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Дополнување на план програми за развој на Општина Штип 2025 – 2027. | 733 |
| 568. | Одлука за донесување на Дополнување на план програми за развој на Општина Штип 2025 – 2027. | 733 |
| 569. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2025 година. | 765 |
| 570. | Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2025 година. | 765 |
| 571. | Решение за објавување на Програма за Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 766 |
| 572. | Програма за Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 767 |
| 573. | Решение за објавување на Програма за Измена на програмата за локален економски развој во Општина Штип за 2025 година. | 768 |
| 574. | Програма за Измена на програмата за локален економски развој во Општина Штип за 2025 година. | 768 |
| 575. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Штип од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2025 година. | 769 |
| 576. | Програма за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Штип од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2025 година. | 770 |

| | | |
|---|---|---|
| 577. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Известување од Комисија за располагање со недвижни ствари на општина Штип за постапката за продажба на недвижна ствар (деловен простор-хотел). | 771 |
| 578. | Заклучок за усвојување на Известување од Комисија за располагање со недвижни ствари на општина Штип за постапката за продажба на недвижна ствар (деловен простор-хотел). | 772 |
| 579. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Известување од Комисија за располагање со недвижни ствари на општина Штип. за постапката за продажба на движни ствари во споственост на ЈП „Исар“ Штип. | 772 |
| 580. | Заклучок за усвојување на Известување од Комисија за располагање со недвижни ствари на општина Штип. за постапката за продажба на движни ствари во споственост на ЈП „Исар“ Штип. | 773 |
| 581. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиска помош за набавка на кислородна машина на Глигор Митев. | 774 |
| 582. | Одлука за одобрување финансиска помош за набавка на кислородна машина на Глигор Митев. | 774 |
| 583. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка за учество на меѓународна олимпијада по хемија во Дубаи на Марио Ванчовски. | 775 |
| 584. | Одлука за одобрување финансиска поддршка за учество на меѓународна олимпијада по хемија во Дубаи на Марио Ванчовски. | 776 |
| 585. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиска подршка на Леона Пуздерлиска за учество на церемонијата за доделување на награди на интернационален музички натпревар за млади во САД. | 776 |
| 586. | Одлука за одобрување финансиска подршка на Леона Пуздерлиска за учество на церемонијата за доделување на награди на интернационален музички натпревар за млади во САД. | 777 |
| 587. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за реализирање на монографија за штипско Ново село. | 778 |
| 588. | Одлука за одобрување финансиски средства за реализирање на монографија за штипско Ново село. | 778 |
| 589. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка за одржување на концерт во Рим, Италија на фестивал на народите од Елена | 779 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ефремова и Петар Трбојевиќ. | |
| 590. | Одлука за одобрување финансиска поддршка за одржување на концерт во Рим, Италија на фестивал на народите од Елена Ефремова и Петар Трбојевиќ. | 780 |
| 591. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка во областа на уметноста и културата од Давид Миладинов. | 780 |
| 592. | Одлука за одобрување финансиска поддршка во областа на уметноста и културата од Давид Миладинов. | 781 |
| 593. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка од здружение на акцијаши волонтери ,,пат на младоста” – Штип. | 782 |
| 594. | Одлука за одобрување финансиска поддршка од здружение на акцијаши волонтери ,,пат на младоста” – Штип. | 782 |
| 595. | Решение за објавување на Одлука за утврување на нацрт план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип. | 783 |
| 596. | Одлука за утврување на нацрт план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип. | 783 |

527.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИ НА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за формирање и верификација на мандати на членови на локален младински совет на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5452/2
29 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

528.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ број 10/20) и член 44-а, и 44-б од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ФОРМИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИ НА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука се формира Локален младински совет на Општина Штип и се верифицираат мандатите на членовите на истиот.

Член 2

Локалниот младински совет е составен од 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите трае 2 (две) години со право на уште еден избор.

Член 3

Се верифицираат мандатите на членовите на Локалниот младински совет и тоа:

- Ангела Стојанова
- Станела Гацова
- Ангела Радева
- Андреа Кукушева
- Јована Анчева
- Ристе Јакимов
- Мартин Зарков

Член 4

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање и верификација на мандати на членовите на Локалниот младински совет на Општина Штип број 08 – 1826/1 од 07 март 2023 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5452 /1
28 јули 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

529.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

I

Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка Општина Штип и Општина Свети Николе.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5453/2
29 јули 2025 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

530.

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на РМ”, бр.79/09), член 14 став (1) и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 21 став (1) точка 35 од Статутот на Општината Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на ден 28 јули 2025 година, донесе:

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

### Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе заради заедничко вршење на работите од надлежност на општините кои што се однесуваат на вршење на работи од областа на општински инспектор за домување.

Работите од областа на општински инспектор за домување ќе ги извршува општински инспектор за домување од Општина Штип за потребите на Општина Свети Николе.

### Член 2

Меѓуопштинска соработка од членот 1 на оваа одлука ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Штип”.

Број 08 - 5453/1
28 јули 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

531.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА ЗА МОС ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

I

Се објавува Одлука за формирање на заедничка комисија за МОС помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5454/2
29 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов

532.

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на РМ”, бр.79/09), член 14 став (1) и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 21 став (1) точка 35 од Статутот на Општината Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на ден 28јули 2025 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА ЗА МОС
ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Член 1

Се формира заедничка комисија за МОС помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе.

Член 2

Заедничката комисија за МОС помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе.

Член 3

Заедничката комисија е составена од 4 члена, од кои по 2 члена од секоја општина кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на комисијата.

Во работата на комисијата можат да учествуваат и стручни лица од областите во кои се воспоставува меѓуопштинската соработка.

Член 4

Комисијата од член 1 на оваа одлука, предлозите на актите ги подготвува врз основа на претходно направена анализа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08 – 5454 /1
28 јули 2025 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

533.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА ЗА МОС ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

I

Се објавува Решение за именување на членови на заедничка комисија на МОС помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5455/2
29 јули 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

534.

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на РМ”, бр.79/09) и член 21 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на ден 28 јули 2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА ЗА МОС ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

1. За членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе од редот на вработените од општинската администрација на Општината Штип се именуваат:

   - **Катерина Везенкова**
   - **Катерина Мицевска**

2. Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Штип”.

Број 08 – 5455 /1
28 јули 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

535.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА
НА ЗБОРОТ „ШТИП“ ВО ИМЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
СПОРТСКИ КЛУБ-СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување на употребата на зборот „Штип“ во името на здружение на граѓани Спортски клуб-СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА ШТИП.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 09- 5456/2 | Општина Штип |
| 29 јули 2025 година | Градоначалник |
| Ш т и п | Иван Јорданов, с.р. |

536.

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ број 52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на РСМ“ број 239/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА ЗБОРОТ ШТИП
ВО ИМЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ
СПОРТСКИ КЛУБ - СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА ШТИП

Член 1

Се одобрува употреба на зборот „Штип“ во името на Здружението на граѓани Спортски клуб - СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА ШТИП.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 5456 /1
28 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

537.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ТРАНСФЕР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ИНТЕГРИРАН РАЗВОЈ НА ПРЕПОЗНАТЛИВИОТ КУЛТУРЕН И CLOSE - TO - NATURE ТУРИЗАМ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И РЕГИОНОТ БЛАГОЕВГРАД“
(Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027)

I

Се објавува Одлука за трансфер на средства за реализација на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close - to - nature туризам во источниот плански регион и регионот Благоевград“ (Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5457/2
29 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

538.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ТРАНСФЕР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ИНТЕГРИРАН РАЗВОЈ НА ПРЕПОЗНАТЛИВИОТ КУЛТУРЕН И CLOSE - TO - NATURE ТУРИЗАМ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И РЕГИОНОТ БЛАГОЕВГРАД“
(Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027)

Член 1

Се одобрува трансфер на средства за реализација на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close - to - nature туризам во источниот плански регион и регионот Благоевград“ (Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027) во износ од 3.000.000,00 денари.

Член 2

Трансферот на средствата ќе се изврши од редовната сметка на општина Штип на сметката на подпроектот.

Член 3

По завршувањето на проектот износот на средствата од 3.000.000,00 кои ќе се пренесат на потсметката на проектот, ќе сеповратат на сметката на Општина Штип .

Член 4

Средствата за кофинансирачкото учество на оваа одлука ќе се исплатат од редовната сметка на Буџетот на општина Штип за 2025, 2026 и 2027 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5457 /1
28 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

539.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО (КОФИНАНСИРАЊЕ) НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОГРАМАТА ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА СОРАБОТКА URBACT IV 2021-2027 URBACT PIONEERS ACCELERATOR

I

Се објавува Одлука за финансиско учество (кофинансирање) на Општина Штип во програмата за територијална соработка URBACT IV 2021-2027 URBACT PIONEERS ACCELERATOR.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5458/2
29 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

540.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО (КОФИНАНСИРАЊЕ) НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОГРАМАТА ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА СОРАБОТКА URBACT IV 2021-2027 URBACT PIONEERS ACCELERATOR.

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **1.750, евра** како учество (кофинансирање) на општина Штип во програмата за акцелератори на URBACT Pioneers за проектни активности, поддржано од Управувачкиот орган на

Европската програма за територијална соработка URBACT IV во која општина Штип се јавува како партнер корисник на финансиската поддршка.

Член 2

**Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат искористени за спроведување на проектна активност во делот од управување со отпад за набавка на опрема паметни контејнери за отпад.**

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025, односно 2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 5458 /1
28 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

541.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТ ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (1-ВА ФАЗА ОД КРСТОСНИЦА ЗА ВЛЕЗ ВО УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ДО КРУЖЕН ТОК)

I

Се објавува Одлука за кофинансирање на Општина Штип во проект Изградба на дел од улица Гоце Делчев (1-ва фаза од крстосница за влез во универзитет Гоце Делчев до кружен ток).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5459/2
29 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

542.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТ
ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
(1 ФАЗА ОД КРСТОСНИЦА ЗА ВЛЕЗ ВО УНИВЕРЗИТЕТОТТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ДО КРУЖЕН ТОК)

Член 1

**Општина Штип одобрува износ од 17.330.998, денари со вклучен ДДВ, како финансиско учество (кофинансирање) на општина Штип за проектот-Изградба на дел од улица Гоце Делчев (1 фаза од крстосница за влез во универзитет Гоце Делчев до кружен ток).**

Член 2

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 - 5459/1
28 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

543.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПРОЕКТ ,,УНАПРЕДУВАЊЕ ВО ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРЕКУ ОПРЕМУВАЊЕ СО ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ НА СМЕТ И ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ХИГИЕНА ВО РЕГИОНОТ”

I

Се објавува Одлука за финансиско учество на Општина Штип за проект ,,Унапредување во заштита на животната средина преку опремување со возило за собирање на смет и за одржување на јавната хигиена во регионот”.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5460/2 Општина Штип
29 јули 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

544.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПРОЕКТ - УНАПРЕДУВАЊЕ ВО ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРЕКУ ОПРЕМУВАЊЕ СО ВОЗИЛА ЗА СОБИРАЊЕ СМЕТ И ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ХИГИЕНА ВО РЕГИОНОТ

Член 1

Општина Штип одобрува износ од 2.000.000,00 мкд за ко-финансирање на Општина Штип во проект - Унапредување во заштита на животната средина преку опремување со возила за собирање смет и за одржување на јавна хигиена во регионот.

Член 2

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025  и 2026 година.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5460 /1 Совет на Општина Штип
28 јули 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

545.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НЕКОИ ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ - СВЕТЛЕЧКИ РЕКЛАМНИ ТАБЛИ

I

Се објавува Одлука за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување некои видови урбана опрема на територијата на општина Штип  опрема за рекламирање - светлечки рекламни табли.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5461/2 Општина Штип
29 јули 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

546.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип „Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НЕКОИ ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ - СВЕТЛЕЧКИ РЕКЛАМНИ ТАБЛИ

Член 1

Членот 2 од одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на некои видови урбана опрема – опрема за рекламирање - светлечки рекламни табли поставени на столбовите за јавно осветлување на територијата на Општина Штип (Службен гласник на општина Штип број 7/25) се менува и гласи:

„ Висината на надоместокот за поставување на блок светлечка реклама поставена на столбовите на уличното осветлување изнесува 1.000,00 денари годишно.“

Член 2

Членот 3 став 1 се менува и гласи:

„Се овластува градоначалникот да склучи договор со понудувачот, кој прв ќе се пријави на повикот за јавно наддавање за поставување на некои видови урбана опрема – опрема за рекламирање -светлечки рекламни табли поставени на столбовите за јавно осветлување и ќе ја достави потребната документација вио архивската канцеларија на општина Штип“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5461 /1
28 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

547.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5462/2 Општина Штип
29 јули 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

548.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на:

- Благородна Николовска во висина од 3.000,00 денари.
- Стефан Чичев во висина од 3.000,00 денари.
- Роберт Цветков во висина од 3.000,00 денари.
- Илчо Ананиев во висина од 3.000,00 денари.
- Ленче Митева во висина од 3.000,00 денари.
- Ајфер Демирова во висина од 3.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 5462 /1
28 јули 2025 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

549.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за вршење на видео надзор на територија на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5463/2
29 јули 2025 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

550.

Врз основа на член (Сл. Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), а во врска со член 89 и 90 од Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42,294 и 101/25), и член 21 точка 35 од Статутот на општина Штип (Службен гласник на

општина Штип 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) Советот на Општина Штип на седницата одржана на ден 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука се утврдува вршење на видео надзор на територијата на Општина Штип и тоа: Општина Штип во својство на контролор, техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршење на видео надзор, рокот и начин на чување на записите од видео надзорот и начин на бришење на видео записите, како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

Член 2

Целта на видео надзорот на Територија на Општина Штип е обезбедување заштита на имотот и имотните права на Општина Штип и добрата во општа употреба и тоа врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24).

Видео надзорот се поставува, исклучиво и само, заради исполнување на целта, односно целите кои се однесуваат на:

- Заштита на паркови и зеленило
- Заштита на детски и спортски игралишта
- Заштита на автобуски постојки
- Заштита на училиштата и градинките на територија на Општина Штип
- Заштита на споменици
- Заштита на имот во сопственост на општината
- Заштина на опрема во сопственост на општината (клупи, канделабри, ламби за осветлување,корпи за отпад, пешачки премини)
- Заштита на пешачки патеки, тротоари, големи контејнери, големи фонтани, сообраќајни знаци, семафори, мостови преградни блокови,
- Заштита од создавање на диви депонии

Член 3

За реализација на одлуката од Буџетот на општината се одобруваат средства во висина од 10.000.000 денари .

Член 4

Начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Штип поблиску ќе биде опредлен со Правилник за начинот на вршење на видео

надзор на територијата на Општина Штип донесен од советот на Општина Штип.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Штип“

08 – 5463 /1
28 јули 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

П р и л о г

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42,294 и 101/25), на ден __________20 _ година ја давам следнава

ИЗЈАВА
за тајност и заштита на обработката на личните податоци
преку системот за спроведување на видео надзор

Јас,долупотпишаниот/ата,___________________ на работно место _______________________ / во улога на (назив на работното место_______________/улогата_________) во Општина Штип, согласно со Правилникот за начинот на спроведување на видео надзор во Општина Штип бр.____________ од _________ 2025 година, се обврзувам дека:

- Ќе ги применувам правилата за заштита на личните податоци во текот на спроведувањето на видео надзорот;
- Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци и дека ќе ги чувам личните податоци и мерките за нивна заштита како доверливи;
- Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за пристап и увид во личните податоци кои се обработени преку системот за спроведување на видео надзор со кои се оневозможува неовластен и не евидентиран пристап и увид во снимките од системот за видео надзор;
- Ќе извршувам обработка на личните податоци во согласност со упатствата на контролорот;
- На трети лица, освен на контролорот, како и на други лица на контролорот нема да му откријам било каков личен податок од снимката на видео надзорот

или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој што го дознав или ќе го дознаам во текот на спроведувањето на видео надзорот на Општина Штип, освен ако со закон не е поинаку предвидено.

Име и презиме:
Потпис

____________________

Врска: Овластување број ___/ 20___ .

Потпишаната Изјава се приложува и се чува заедно со Овластувањето за пристап и увид во снимките направени и обработени преку системот за спроведување на видео надзор

Прилог

Врз основа на одредбите од член 3 став 2 и 13 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Штип бр.08-------------- од -----------------2025 година, Градоначалникот на Општина Штип го донесува следното:

РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ
за администратор на системот за видео надзор

Се ОВЛАСТУВА административниот службеник _____________________________ (име и презиме), на работно место/во улога на ______________________(назив на работното место/улогата) ________________ во Општина Штип, да врши работни задачи Администратор на системот за видео надзор.

Административниот службеник е должен да ги Врши следните работи и работни задачи:

- врши анализа и проценка на ризиците на информацискиот систем на Општината;
- врши креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност;
- врши ревизија на инциденти поврзани со нарушувањата на безбедноста на информацискиот систем;
- врши доделување на корисничко име и лозинка при вработување или ангажирање на овластено лице со пристап до информацискиот систем, како и бришење на корисничко име и лозинка на овластено лице на кое му престанало вработувањето или ангажирањето по претходно известување добиено од страна на вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси во Општина Штип;

- го определува нивото на пристап до документите/информациите содржани во информацискиот систем по претходно овластување добиено од страна на Градоначалникот на Општината;
- изработува програма за ревизии во однос на сигурноста на информацискиот систем;
- се грижи за спроведување на правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните личните податоци согласно Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, чување, архивирање и повторно враќање на зачуваните лични податоци при вршење на видео надзор;
- им помага на овластените лица за заштита на личните податоци при вршењето на нивните работни задачи согласно прописите за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Општина Штип ;
- врши периодична контрола на евиденцијата за авторизиран пристап и
- се грижи за организација на обуки на вработените во однос на одржување на безбедноста на информацискиот систем;
- да врши и други предвидени согласно Законот за заштита на личните податоци.

Овластувањето стапува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник**
**Општина Штип**

Прилог

Врз основа на одредбите од член 3 став 2 и 13 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Штип бр.08---------------- од -----------2025 година, Градоначалникот на Општина Штип го донесува следното:

РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Се ОВЛАСТУВА административниот службеник ______________________________ (име и презиме), на работно место/во улога на ______________________(назив на работното место/улогата) ________________ во Општина Штип, да врши следните работни задачи во системот за видео надзор.
- должно е да се придржува до сите правила и процедури во становени со донесените интерни акти од страна на Општина Штип за обработка на лични податоци при спроведување на видео надзор;

- должен е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Општина Штип;
- должен е веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое овластеното лице ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување, или аномалија на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Штип, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;
- не смее да ја прекршува преземената обврска за доверливост, со која се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето во Општина Штип, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно прописите за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои во Општина Штип се врши обработката на личните податоци при спроведување на видео надзор;
- секој инцидент кој ќе го забележи, овластено лице мора да го евидентира во писмена форма од моментот кога е забележан до неговата санација;
- доделеното корисничко име и лозинка овластено лице е должно да ги чува и да не ги споделува со други лица;
- овластено лице со потпишување на договорот за работа е должно да потпише и „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци";
- овластено лице при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица;
- овластено лице по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства документите кои содржат лични податоци треба да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи.
Овластувањето стапува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник**
**Општина Штип**

Прилог

Врз основа на одредбите од член 3 став 2 и 13 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Штипбр.08---------------- од -----------2025 година, Градоначалникот на Општина Штип го донесува следното:

РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Се ОВЛАСТУВА административниот службеник ______________________________ (име и презиме), на работно место/во улога на ______________________(назив на работното место/улогата) ________________ во Општина Штип, да врши следните работни задачи во системот за видео надзор.
- должно е да се придржува до сите правила и процедури во становени со донесените интерни акти од страна на Општина Штип за обработка на лични податоци при спроведување на видео надзор;
- должен е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Општина Штип;
- должен е веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое овластеното лице ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување, или аномалија на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Штип, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;
- не смее да ја прекршува преземената обврска за доверливост, со која се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето во Општина Штип, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно прописите за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои во Општина Штип се врши обработката на личните податоци при спроведување на видео надзор;
- секој инцидент кој ќе го забележи, овластено лице мора да го евидентира во писмена форма од моментот кога е забележан до неговата санација;
- доделеното корисничко име и лозинка овластено лице е должно да ги чува и да не ги споделува со други лица;
- овластено лице со потпишување на договорот за работа е должно да потпише и „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци";
- овластено лице при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица;
- овластено лице по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства документите кои содржат лични податоци треба да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи.
Овластувањето стапува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник**
**Општина Штип**

551.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Правилник за начинот на вршење на видео надзор на територија на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5464/2 Општина Штип
29 јули 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

552.

Врз основа на член (Сл. Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), а во врска со член 89 и 90 од Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42,294 и 101/25), и член 21 точка 35 од Статутот на општина Штип (Службен гласник на општина Штип 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) Советот на Општина Штип на седницата одржана на ден 28 јули 2025 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Штип и тоа: Општина Штип во својство на контролор, техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршење на видео надзор, рокот и начин на чување на записите од видео надзорот и начин на бришење на видео

записите, како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

Член 2

Целта на видео надзорот на Територија на Општина Штип е обезбедување заштита на имотот и имотните права на Општина Штип и добрата во општа употреба и тоа врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24).

Видео надзорот се поставува, исклучиво и само, заради исполнување на целта,односно целите кои се однесуваат на:

- Заштита на паркови и зеленило
- Заштита на детски и спортски игралишта
- Заштита на автобуски постојки
- Заштита на училиштата и градинките на територија на Општина Штип
- Заштита на споменици
- Заштита на имот во сопственост на општината
- Заштина на опрема во сопственост на општината (клупи, канделабри, ламби за осветлување,корпи за отпад, пешачки премини)
- Заштита на пешачки патеки, тротоари, големи контејнери, големи фонтани, сообраќајни знаци, семафори, мостови преградни блокови,
- Заштита од создавање на диви депонии

**ТЕХНИЧКО ФУНКЦИОНАЛЕН ОПИС НА СИСТЕМОТ ЗА ВИДЕО НАДЗОР**

Член 3

Мониторинг центарот на Општина Штип е сместен во просториите на Зградата на Општина Штип и во него се вработени 6 лица кои работат во три смени.

Еден од вработените е назначен за одговорен администратор на системот на Видео Надзорот за заштита на личните податоци.

Администратор на системот на Видео Надзорот за координирање и контрола на техничките и организациските мерки кои се применуваат за тајност и заштита на обработката на личните податоци кој има целосна контрола на системот.

Вработени во Мониторинг центарот потпишуваат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување на видео надзорот - прилог на овој правилник.

Вработени во Мониторинг центарот имаат право да носат мобилен телефон без камера, а забрането им е носење на мобилен смарт телефон.

На вработените им е забрането да работат и оперираат со податоците, немаат права да враќаат снимени материјали и пренесуват снимки на други медиуми.

На влезот во Мониторинг центар стои натпис ЛИМИТИРАН ПРИСТАП – ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ ЗА НЕОВЛАСТЕНИ ЛИЦА.

Член 4

Системот е изведен на ИП базирано решение односно секоја камера во зависност од локација ќе биде поврзана со оптичка врска директно во Мониторинг центарот во Општината.

Член 5

Опремата за видео надзор е со следните технички карактеристики:
Предвидени се 136 броја со следнава техничка спецификација:

- Камера Bullet Network 8MPix за надворешна употреба со целосен колор 2,8 mm фиксен објектив,
- 1/2,7" CMOS со прогресивно скенирање,
- компресија H.265+,
- ноќен вид со целосен колор и инфрацрвен рефлектор до 30 mm,
- инфрацрвена/бела LED диода, 25fps (3840 × 2160), IP67, PoE/DC 12V, 120dB WDR,
- вграден микрофон/звучник,
- слот за микро-SD (до 512GB),
- паметно откривање (класификација на луѓе и возила),
- аналитика на луѓе и возила (паметно инфрацрвено, 3D DNR, BLC), ONVIF,
- далечинско следење и конфигурација
- Испорака и монтажа на SD CARD SDXC CL10 256GB minumum 100Mbps speed
- Предвидени се 10 броја со следнава техничка спецификација:
- Camera Bullet 8MP Надворешна IR Панорамска Мрежна Камера,
- 1.65mm Фиксен Леќа,
- 1/2.7’’ CMOS со Прогресивно Скенирање,
- Компресија H.265+, IR LED, 25fps/30fps (3840 × 2160), IP67, IK10, PoE/DC 12V, 120dB WDR,
- Вграден Микрофон/Звучник,
- Слот за Micro-SD (до 512GB),
- Влез/Излез за Аларм,
- Влез/Излез за Аудио
- Панорамски Поглед од 180°,
- Црвено-Сино Предупредување,
- Ноќен Вид со IR Светла (До 20 м),
- Паметно Детектирање (Класификација на Луѓе и Возила),

- Аналитика на Луѓе и Возила (Паметно IR, 3D DNR, BLC), ONVIF,
- Далечинско Мониторирање и Конфигурација
- Испорака и монтажа на SD CARD SDXC CL10 256GB minumum 100Mbps speed
- Мрежен видео рекордер 5 броја со следнава техничка спецификација:
- Мрежен видео рекордер 32 канали, H.265+/H.265/H.264+/H.264,
- резолуција до 8MP,
- влезен пропусен опсег 320Mbps,
- излезен пропусен опсег 320Mbps,
- можност за декодирање 32MP,
- независен излез HDMI/VGA, 4× SATA до 64TB, 2× Ethernet порти од 1000Mbps, 2× USB 2.0, 1× USB 3.0, 100-240V,
- автоматска иницијализација,
- конфигурација и аларм за паметно откривање,
- двонасочно аудио,
- прегледување во живо со 32 канали,
- излез на 4K HDMI видео,
- синхрона репродукција со 16 канали,
- поедноставно поставување, ONVIF,
- далечинско следење и конфигурација
- Професионални 4k UHD LED паметни телевизори 55 инчи (139 см) 6 броја
- Солуција за снимање
- Испорака и монтажа на мрежен видео рекордер 32 канали, H.265+/H.265/H.264+/H.264,
- резолуција до 8MP,
- влезен пропусен опсег 320Mbps,
- излезен пропусен опсег 320Mbps,
- можност за декодирање 32MP,
- независен излез HDMI/VGA, 4× SATA до 64TB,
- 2× Ethernet порти од 1000Mbps,
- 2× USB 2.0, 1× USB 3.0, 100-240V,
- автоматска иницијализација,
- конфигурација и аларм за паметно откривање,
- двонасочно аудио,
- прегледување во живо со 32 канали,
- излез за 4K HDMI видео,
- синхрона репродукција со 16 канали,
- поедноставно поставување, ONVIF,
- далечинско следење и конфигурација
- Испорака и монтажа на HDD 3.5" 10TB Surveillance model SATA3 7200rpm 512MB cache
- Хардверска конфигурација компјутери за мониторинг 1 број
- PC MB LGA1700 DDR5,

- CPU i7,
- RAM 32GB DDR5,
- SSD NVME 1TB,
- VGA 12GB DDR6,
- напојување 750W вистинска моќност,
- тастатура+глушец
- Клиентска апликација
- клиентска апликаци за следење на системот;
- да овозможи работа на екраните во форма на зид;
- да овозможи лимитирање на привилегиите на секој корисник;
- да овозможува контрола на камери;
- приказ на информациите на регистарските камери

Член 6

Графичката поставеност на системот за Видео Надзор, локациите, мапа на кои ќе се врши видео надзорот и аголот на поставеност на камерите и каде е поставен системот за видео надзор - план за поставување на видео надзор прилог(2) на овој правилник.

**КАТЕГОРИЈА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КОИ СЕ ОБРАБОТУВААТ ПРЕКУ СИСТЕМОТ ЗА ВИДЕО НАДЗОР**

Член 7

Преку системот за Видео Надзор на територијата на Општина Штип се обработуваат следните категории на лични податоци:
- Физички и физиолошки изглед на лица кои повремено влегуваат во фокусот на камерите кои се поставени со цели пропишани во член 2 од овој правилник.

**ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОБРАБОТЕНИ ПРЕКУ ВИДЕО НАДЗОРОТ**

Член 8

Општина Штип ги обезбедува следниве технички мерки за тајност и заштита на личните податоци добиени преку системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Штип:

- Сопствено корисничко име и лозинка (составена од комбинација на најмалку осумалфанумерички карактери од кои минимум една голема буква и смецијални знаци) за вработените во Мониторинг центарот - Промена на лозинките на секои три месеци;
- Автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;

- Автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на корисникот дека треба да се побара инструкција од администраторот на иниформацискиот систем;
- Инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера (“фајервол”) или рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;
- Ефективна и сигурна анти-вирусна и анти–спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
- ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови и
- Приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување
- Оптичкото влакно кое се користи за поврзување на сите локации, оптичкото влакно нема да се употребува за други намени, изолирана оптичка врска (Дарк фибер) која ќе биде исклучиво за потребите на Општината и за проток на податоците од камерите);
- Одржувачот систем ќе има обврска еднаш месечно да прави проверка за безбедноста на системот и потполнува извештај кој е составен дел од документација за вршење на видео надзор на територијата на Општина Штип;
- Firewall решение за заштита од нелегален пристап или проток на податоци.

Член 9

Општина Штип ги обезбедува следниве организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Штип:

- Систем за автоматизиран пристап само на овластени лица;
- Систем за логирање на сите влегувања и излегувања;
- Уништување на снимените материјали во рамки на законскиот рок од триесет (30) дена;
- Мерки за физичка сигурност на просторијата - сервер салата каде што се врши видео надзорот на територијата на Општина Штип (24 часовно физичко обезбедување, блендирана врата, механички заштитени прозорци);
- Почитување од техничките упатства за користење, инсталирање и одржување на опремата за вршење на видео надзор.

Член 10

Општина Штип води евиденција - прилог на овој правилник до пристапот и увидот во обработени податоци преку системот за вршење на видео надзорот.

Евиденцијата ги содржи следниве податоци:

- Реден број;
- Име и презиме на овластено лице;
- Време на пристап во системот за видео надзор;
- Цел за пристапување на системот за видео надзор;
- Датум и час на направена копија до која се пристапува;
- Датум време назив и седиште на кои му е дадена снимката од видео надзорот прилог на овој правилник.

Известување за вршење на видео надзор

Член 11

На сите локации каде е поставен Видео Надзор на видно место се истакнува Известување дека се врши видео надзор од страна на Општина Штип, целите за вршење на видео надзорот, и начинот и постапката за добивање на обработените податоци, Образецот - известување прилог на овој правилник.

**ПРЕГЛЕДУВАЊЕ И РОК НА ЧУВАЊЕ НА СНИМЕН ВИДЕО МАТЕРИЈАЛ**

Член 12

Прегледување на снимен материјал се врши врз основа на поднесено писмено барање во Архивата на Општина Штип во кое се наведува причината и законскиот основ поради која се бара увид и копија во снимениот материјал, и издадено писмено одобрение од Градоначалникот на Општина Штип.

Прегледувањето на видео материјалот се врши во централната компјутерска единица – Мониториг центарот, од страна на Администраторот и Овластеното лице од член 3 од овој правилник.

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до исполнување на целите за кои се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, освен ако со друг закон не е предвиден подолг рок.

**ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ ОД СИСТЕМОТ ЗА ВИДЕО НАДЗОР**

Член 13

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор има Администраторот на системот за видео надзор во Општина Штип и овластените лица од член 3 овластени од страна на Градоначалникот на Општина Штип.

Администраторот на системот на Видео Надзорот е лице вработено/ангажирано во Општина Штип овластено со посебен акт за Администратор на Видео Надзорот од страна на Градоначалникот на Општина Штип.

Градоначалникот на Општина Штип по потреба може да овласти и друго лице за пристап до снимените материјали од видео надзорот и за пристап до централната компјутерска единица за видео надзор.

Администраторот на Видео Надзорот има пристап до видео надзорот, го одржува системот за видео надзор, има пристап до архивата на снимените материјали и пристап до централната компјутерска единица за вршење на видео надзор.

Член 14

Периодична оценка врши офицерот за заштита на личните податоци на секои две години за постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор.

Периодичната оценка се однесува на:

- Понатамошна оценка за користење на системот за вршење на видео надзор;
- Целта, односно целите за вршење на видео надзор;
- Статистички показатели за пристапот до снимките за видео надзорот;
- Начин на искористување на снимките и за која намена.
- За извршена оценка офицерот изготвува извештај.

Член 15

За се што не е предвидено со овој правилник важат одредбите од Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42,294 и 101/25) и Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзорот („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/20, 280/21 и 183/22) и Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 248/21).

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Штип.

Број 08 – 5464 /1
28 јули 2025 година

Штип

Совет на општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

П р и л о г

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42,294 и 101/25), на ден _________20 _ година ја давам следнава

ИЗЈАВА

за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување на видео надзор

Јас, долупотпишаниот/ата,_________________ на работно место _____________________ / во улога на (назив на работното место______________/улогата________) во Општина Штип, согласно со Правилникот за начинот на спроведување на видео надзор во Општина Штип бр.___________ од ________ 2025 година, се обврзувам дека:

- Ќе ги применувам правилата за заштита на личните податоци во текот на спроведувањето на видео надзорот;
- Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци и дека ќе ги чувам личните податоци и мерките за нивна заштита како доверливи;
- Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за пристап и увид во личните податоци кои се обработени преку системот за спроведување на видео надзор со кои се оневозможува неовластен и не евидентиран пристап и увид во снимките од системот за видео надзор;
- Ќе извршувам обработка на личните податоци во согласност со упатствата на контролорот;
- На трети лица, освен на контролорот, како и на други лица на контролорот нема да му откријам било каков личен податок од снимката на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој што го дознав или ќе го дознаам во текот на спроведувањето на видео надзорот на Општина Штип, освен ако со закон не е поинаку предвидено.

Име и презиме:

Потпис

___________________

Врска: Овластување број ___/ 20___ .

Потпишаната Изјава се приложува и се чува заедно со Овластувањето за пристап и увид во снимките направени и обработени преку системот за спроведување на видео надзор

П р и л о г

Врз основа на одредбите од член 3 став 2 и 13 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Штип бр.08-------------- од -----------------2025 година, Градоначалникот на Општина Штип го донесува следното:

РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ
за администратор на системот за видео надзор

Се ОВЛАСТУВА административниот службеник _____________________________ (име и презиме), на работно место/во улога на ______________________(назив на работното место/улогата) ________________ во Општина Штип, да врши работни задачи Администратор на системот за видео надзор.

Административниот службеник е должен да ги Врши следните работи и работни задачи:

- врши анализа и проценка на ризиците на информацискиот систем на Општината;
- врши креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност;
- врши ревизија на инциденти поврзани со нарушувањата на безбедноста на информацискиот систем;
- врши доделување на корисничко име и лозинка при вработување или ангажирање на овластено лице со пристап до информацискиот систем, како и бришење на корисничко име и лозинка на овластено лице на кое му престанало вработувањето или ангажирањето по претходно известување добиено од страна на вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси во Општина Штип;
- го определува нивото на пристап до документите/информациите содржани во информацискиот систем по претходно овластување добиено од страна на Градоначалникот на Општината;
- изработува програма за ревизии во однос на сигурноста на информацискиот систем;
- се грижи за спроведување на правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните личните податоци согласно Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, чување, архивирање и повторно враќање на зачуваните лични податоци при вршење на видео надзор;
- им помага на овластените лица за заштита на личните податоци при вршењето на нивните работни задачи согласно прописите за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки

за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Општина Штип ;
- врши периодична контрола на евиденцијата за авторизиран пристап и
- се грижи за организација на обуки на вработените во однос на одржување на безбедноста на информацискиот систем;
- да врши и други предвидени согласно Законот за заштита на личните податоци.
Овластувањето стапува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник**
**Општина Штип**

Прилог

Врз основа на одредбите од член 3 став 2 и 13 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Штип бр.08---------------- од -----------2025 година, Градоначалникот на Општина Штип го донесува следното:

РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Се ОВЛАСТУВА административниот службеник ______________________________ (име и презиме), на работно место/во улога на ______________________(назив на работното место/улогата) ________________ во Општина Штип, да врши следните работни задачи во системот за видео надзор.
- должно е да се придржува до сите правила и процедури во становени со донесените интерни акти од страна на Општина Штип за обработка на лични податоци при спроведување на видео надзор;
- должен е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Општина Штип;
- должен е веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое овластеното лице ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување, или аномалија на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Штип, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;
- не смее да ја прекршува преземената обврска за доверливост, со која се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето во Општина Штип, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно прописите за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и

воспоставени технички и организациски мерки според кои во Општина Штип се врши обработката на личните податоци при спроведување на видео надзор;
- секој инцидент кој ќе го забележи, овластено лице мора да го евидентира во писмена форма од моментот кога е забележан до неговата санација;
- доделеното корисничко име и лозинка овластено лице е должно да ги чува и да не ги споделува со други лица;
- овластено лице со потпишување на договорот за работа е должно да потпише и „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци";
- овластено лице при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица;
- овластено лице по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства документите кои содржат лични податоци треба да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи.
Овластувањето стапува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник**
**Општина Штип**

Прилог

Врз основа на одредбите од член 3 став 2 и 13 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Штипбр.08---------------- од -----------2025 година, Градоначалникот на Општина Штип го донесува следното:

РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Се ОВЛАСТУВА административниот службеник _____________________________ (име и презиме), на работно место/во улога на ______________________(назив на работното место/улогата) ________________ во Општина Штип, да врши следните работни задачи во системот за видео надзор.
- должно е да се придржува до сите правила и процедури во становени со донесените интерни акти од страна на Општина Штип за обработка на лични податоци при спроведување на видео надзор;
- должен е да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Општина Штип;
- должен е веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое овластеното лице ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување, или аномалија на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Штип, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;

- не смее да ја прекршува преземената обврска за доверливост, со која се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето во Општина Штип, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно прописите за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои во Општина Штип се врши обработката на личните податоци при спроведување на видео надзор;
- секој инцидент кој ќе го забележи, овластено лице мора да го евидентира во писмена форма од моментот кога е забележан до неговата санација;
- доделеното корисничко име и лозинка овластено лице е должно да ги чува и да не ги споделува со други лица;
- овластено лице со потпишување на договорот за работа е должно да потпише и „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци";
- овластено лице при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица;
- овластено лице по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства документите кои содржат лични податоци треба да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи.

Овластувањето стапува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник**
**Општина Штип**

553.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРУВАЊЕ НА НАЦРТ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 3.06 КО ШТИП 5

I

Се објавува Одлука за утврување на нацрт план за дел од градска четврт С 3.06 КО Штип 5.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5465/2
29 јули 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

554.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРУВАЊЕ НА НАЦРТ ПЛАН ЗА ДЕЛ
ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 3.06 КО ШТИП 5

Член 1

Се утврдува нацрт план за дел од градска четврт С 3 06 КО Штип 5, со технички број 44/24.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5465 /1
28 јули 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

555.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.51 И ГП 1.52
СО НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ДУП ДЕЛ ОД ЦЕНТАР ДЕЛ ОД УБ.1, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за гп 1.51 и гп 1.52 со намена а1 - домување во куќи од измена и дополнување на ДУП дел од Центар дел од УБ.1, Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5466/2 Општина Штип
29 јули 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

556.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип (Слижбен гласник на Општина Штип бр: 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

З А К Л У Ч ОК
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.51 И ГП 1.52 СО НАМЕНА А1 – ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ДЕЛ ОД ЦЕНТАР ДЕЛ ОД УБ.1, ОПШТИНА ШТИП

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.51 И ГП 1.52 со намена А1 - домување во куќи од измена и дополнување на ДУП дел од центар дел од УБ.1, Општина Штип.

II

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“

Број 08 – 5466/1
28 јули 2025година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

557.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА СОГЛАСНО ЧЛЕН 63 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (СЛ ВЕСНИК НА РСМ БР.32/20, 111/23 И 171/24) ЗА ГП.101 И ГП.102 ФОРМИРАНИ СО ДУП НА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР УМ 1 И 2, КО ШТИП 3, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација согласно Член 63 од Законот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) за ГП.101 и ГП.102 формирани со ДУП на дел од центар УМ 1 и 2, КО Штип 3, Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5467/2
29 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

558.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип (Слижбен гласник на Општина Штип бр: 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

З А К Л У Ч ОК
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА СОГЛАСНО ЧЛЕН 63 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (СЛ ВЕСНИК НА РСМ БР.32/20, 111/23 И 171/24) ЗА ГП.101 И ГП.102 ФОРМИРАНИ СО ДУП НА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР УМ 1 И 2, КО ШТИП 3, ОПШТИНА ШТИП

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација согласно Член 63 од Законот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) за ГП.101 и ГП.102 формирани со ДУП на дел од центар УМ 1 и 2, КО Штип 3, Општина Штип.

II

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“

Број 08 – 5467/1
28 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

559.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 9 И ГП 10, СО НАМЕНА А1 ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД У.Е 6, ДЕЛ НАС. ГОРНО МААЛО , ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 9 и ГП 10, со намена А1 домување во куќи од ДУП за дел од У.Е 6, дел нас. Горно маало , Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5468/2 Општина Штип
29 јули 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

560.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип (Слижбен гласник на Општина Штип бр: 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

З А К Л У Ч ОК
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 9 И ГП 10, СО НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД У.Е. 6, ДЕЛ ОД НАС. ГОРНО МААЛО, ОПШТИНА ШТИП

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 9 И ГП 10, со намена А1 - домување во куќи од ДУП за дел од У.Е. 6, дел од нас. Горно Маало, општина Штип

II

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“

Број 08 – 5468 /1
28 јули 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

561.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 331 И ГП 340 ОД ДУП ЗА РАДАНСКИ ПАТ, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 331 и ГП 340 од ДУП за радански пат, Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5469/2
29 јули 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

562.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип (Слижбен гласник на Општина Штип бр: 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

З А К Л У Ч ОК
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛЕЦИЈА НА ГП 331 И ГП 340 ОД ДУП ЗА РАДАНСКИ ПАТ, ОПШТИНА ШТИП

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

- Урбанистички проект со план за парцелеција НА ГП 331 И ГП 340 ОД ДУП за радански пат, Општина Штип.

II

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“

Број 08 – 5469 /1
28 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

563.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5470/2
29 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

564.

Врз основа на член 40 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 17/24), во делот **3. Програмски задачи**, во точка **3.2. Програмски задачи финансирани од заинтересирани инвеститори**, се врши дополнување со една (1) нова алинеја која гласи:

- **Детален урбанистички план за дел од урбана четврт Ј3 04 од ГУП на град Штип, Општина Штип.**

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 5470/1 | Совет на Општина Штип |
| 28 јули 2025 година | Претседател |
| Штип | Весна Кожинкова, с.р. |

565.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО

ЕКИПНИ СПОРТОВИ КОИ УЧАТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Штип, жители на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5471/2
29 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

566.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ЕКИПНИ СПОРТОВИ КОИ УЧАТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Општина Штип доделува четириесет и една (41) стипендија на спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на општина Штип, жители на општина Штип.

Член 2

Стипендиите се доделуваат согласно утврдената Бодовна-листа од Комисијата за доделување на стипендии за редовни/вонредни ученици – спортисти во индивидуални спортови и редовни/вонредни ученици спортисти

во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Штип, по спроведен јавен повик за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на општина штип, жители на Општина Штип бр. 09 – 4329/1 од 02 јуни 2025 година.

Член 3

Стипендиите се доделуваат за период од 12 месеци во годината.

Стипендија во износ од 3.000,00 денари месечно, се доделува на :

1. Леон Манов
2. Стефанија Кипријанова
3. Семих Кадриов
4. Матеј Нофитов
5. Дамјан Јовановски
6. Андреа Митиќ
7. Христијан Димитриев
8. Никола Митев
9. Александар Зенделски
10. Марко Марков
11. Ана Богатинова

Стипендија во износ од 4.000,00 денари месечно, се доделува на:

1. Лука Ананиев
2. Паола Арсовска
3. Драгана Ефтимовска
4. Иса Бајрам
5. Симона Коцева
6. Мила Балабанова
7. Јован Николиски
8. Даниел Николиски
9. Мила Штериева
10. Ива Колева
11. Меланија Илиевска
12. Андреа Илиевска
13. Ирина Узунов
14. Мелани Митевска
15. Давид Берков
16. Андреа Милошевска
17. Матеј Марков
18. Зорана Митева
19. Мартина Станкова
20. Антонија Тасева

21. Андреј Богатинов

Стипендија во износ од 5.000,00 денари месечно, се доделува на:
1. Филип Тодоров
2. Марко Џорлев
3. Матео Димитриевски
4. Дамјан Смилков
5. Јован Јанковски
6. Анастасија Николова
7. Зоран Шоров

Стипендија во износ од 6.000,00 денари месечно, се доделува на:
1. Марио Ананиев

